**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ЧЕТВРТТАТА
## седница на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 05.10.2020 година

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и четврттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 05.10.2020 година**

Седницата започна во **12:40 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Претставници од општинската администрација и претставник на подносителот на материјалот предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **18 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **20 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 05.10.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година, со **20 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Четириесет и четвртата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **12:50 часот**.

**Број 09-3589/2**
**од 27.10.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот